## И З В Е С Т У В А Њ Е
## за изработка на акт за прогласување на дел од Осоговските планини за заштитено подрачје во категоријата заштитен предел

1. **Назив на Министерството**: Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)

2. **Проблем:**

Врз основа на податоците од Студијата за валоризација за предлог-подрачјето за заштита “Осоговски Планини” во категоријата Заштитен предел и Анексот на оваа Студија, а земајќи ги предвид богатиот и ендемичен растителен и животински свет, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејзажните и пределните вредности и специфичната интеракција на луѓето и природата, се наметнува заклучокот дека Осоговските Планини ги исполнуваат критериумите да бидат прогласени за заштитено подрачје од V категорија - заштитен предел.

За таа цел МЖСПП достави иницијатива и Владата на Република Северна Македонија на Четириесет и деветтата седница, одржана на 5 мај 2020 година ја разгледа и усвои Информацијата, и донесе Одлука за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V – Заштитен предел (Службен весник на Република Северна Македонија бр.116/2020) со која го задолжи МЖСПП да спроведе јавна расправа по предлогот, да го изготви конечниот акт за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категоријата V - Заштитен предел и конечниот предлог да го достави до Владата, најдоцна до крајот септември 2020 година.

3. **Цел:** На просторот на Осоговските Планини (Осоговијата) интеракцијата на луѓето и природата со текот на времето создала област со посебни карактеристики, со значајна еколошка, биолошка, културна и пределска вредност. Зачувувањето на интегритетот на оваа интеракција е од витално значење за заштита и одржување на подрачјето и неговите природни и други вредности. Долгогодишната интеракција помеѓу човекот и природата е најизразена во руралните предели, ги дефинира нивните карактеристики и има особено голема улога во негувањето на секундарните антропогени живеалишта кои се значајни за зачувување на биолошката разновидност. Од друга страна, човековото влијание во обликувањето на пределните карактеристики на руралните предели го задржало својот екстензивен карактер овозможувајќи руралните предели да делуваат како „катализатори“ на биолошката разновидност помеѓу ‘природните’ предели кои имаат улога на јадрови подрачја.

4. **Временска рамка за изготвување на актот:**

- Мај 2020 година – Одлука за прифатливост на предлогот за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитено подрачје во категорија V – Заштитен предел (Службен весник на Република Северна Македонија бр.116/2020);
- Јуни 2020 – подготовка на Нацрт Одлука за прогласување на Осоговските планини за заштитен предел;

- Јули - Август 2020 година – Објава на прва Нацрт верзија на одлуката и консултација со засегнатите страни и јавноста;
- Од 17 до 31 Август – организирање на состаноци, јавна расправа, разгледување на доставените забелешки од страна на МЖСПП и работните групи и внесување на доставените забелешки;
- Септември 2019 година - Објава на втора нацрт верзија на текстот и доставува до Владата на Република Северна Македонија на меѓуресорска консултација и усвојување.

5. **Засегнати страни:**

1. Органи на државна управа :
    - Министерство за економија;
    - Министерство за финансии
    - Министерство за информатичко општество и администрација;
    - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
    - Министерство за транспорт и врски;
    - Министерство за надворешни работи;
    - Министерство за култура; Управа за заштита на културно наследство
    - Секретаријат за европски прашања;
    - Агенција за планирање на просторот;
    - Управа за водостопанство.
2. Единици на локална самоуправа
    - Општина Кочани;
    - Општина Чешиново-Облешево;
    - Општина Кратово;
    - Општина Пробиштип;
    - Општина Крива Паланка;
    - Општина Македонска каменица;
    - Центар за Источно Плански Регион;
    - Совет за развој на Источно Плански Регион;
    - ЗЕЛС (Заедница на единици на локална самоуправа).
3. Јавни претпријатија:
    - ЈП за извршување на водостопански дејности хидросистем Злетовица-Пробиштип;
    - ЈП Национални Шуми;
    - ЈП за пасишта.
4. Стопански Комори
    - Стопанска Комора на РМ
    - Сојуз на Стопански комори
5. Невладини организации кои делуваат во полето на заштитата на животната средина.

6.**Начин на вклучување на засегната јавност:**

- Објава на предлог актот за коментирање на веб страницата на МЖСПП и ЕНЕР,

- Јавни расправи за предлог актите помеѓу 15 и 31 август 2020 (со дополнителна најава и покана во јавните гласила и на веб-страницата на МЖСПП) во Крива Паланка, Кочани, Македонска каменица и Пробиштип отворена за сите заинтересирани страни.
- Барања мислења и состаноци со владини институции, единици на локална самоуправа и бизнис заедница.

7. **Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлог измените на законот и нацрт Извештајот за ПВР:**
   www.ener.gov.mk
   www.moepp.gov.mk

8. **Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се достават мислењата, забелешките и сугестиите:**
   infoeko@moepp.gov.mk

9. **Одговорно лице за контакт во министерството:**
   Влатко Трпески, раководител на Сектор за природа
   E-mail: v.trpeski@moepp.gov.mk

   Весна Индова, раководител на Сектор за ЕУ
   E-mail: v.indova@moepp.gov.mk